**ОСНОВЕН СУД БИТОЛА**
**СУ-03-822/22**
**26.10.2022 година**
**Битола**

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ
**26.10.2021 година**

25-ти Октомври - Европскиот ден на граѓанска правда што секоја година се одбележува во сите држави на Европа, се одбележа и во Основен суд Битола.

За таа цел во Основен суд Битола на 25.10.2021 година се организираше отворен ден за граѓаните. Покана за посета на судот беше доставена до медиумите, средните училишта и Правниот Факултет Кичево-дисперзирани студии во Битола. Секој заинтересиран граѓанин имаше можност да присуствува на судењата кои се јавни,како и да добие информации за работата на судот .

По повод Европскиот ден на граѓанска правда, посета во судот оствариjа учениците од Средното економско училиште ,,Јане Сандански ,, Битола и Гиманазијата ,,Јосип Броз Тито,, Битола. Во текот на посетата учениците имаа можност да ги видат судниците, поблиску да се запознаат со работата на судот, да научат како до полесно и побрзо остварување на правата на граѓаните.

ОСНОВЕН СУД БИТОЛА
ВД Претседател
м-р Драган Јаковлевски